# Фонд за финансирање на иновации (Innovation Financing Vehicle)

Финансиран од УСАИД (Агенција на САД за меѓународен развој) и Кримсон капитал корпорација, Innovation Financing Vehicle (IFV) е специјализиран фонд дизајниран да поддржи иновации во компаниите во Република Македонија преку кредитирање и финансирање во сопственички удели. Овој фонд за финансирање на иновативни бизниси е менаџиран од Развојната Фондација Кримсон.

Самото финансирање е на комерцијална основа. Апликабилни (прифатливи) клиенти се регистрирани македонски компании кои ќе понудат издржан иновативен производ или услуга, за кој постои дефинирана побарувачка на пазарот. Иновацијата треба да има развоен потенцијал, како и да поттикне одржлив развој и креирање на нови работни места. Секој потенцијален клиент мора да има финансиски и комерцијално издржан производ или услуга која што јасно ќе одговори на потребите на пазарот на конкурентна основа. Исто така, треба да се презентира издржана проекција на готовински тек, а со тоа и јасна стратегија за отплата на долгот, без оглед дали е тоа преку профитабилност или ликвидност, или примена на друг начин на затворање на долгот во период од 12 до 24 месеци. Предност се дава на иновативни бизниси кои креираат нови работни места.

Фондот за финансирање на иновативни бизниси приоритетно (но не лимитирано) ќе финансира проекти од информатичка технологија, енергетска ефикасност, заштита на животната средина, земјоделство, преработка на храна, производство, логистика и слично.

Рокот предвиден за финансирање на иновативни проекти е од неколку месеци до две години. Финансираните износи се движат од 5,000 € до 100,000 €.

**Контакт и дополнителни информации:**

**Lovre Ristevski**
Развојна Фондација Кримсон/IFV
ul. Чedomir Minderoviќ 31/1-3
1000 Skopje
Макedonija
тel: +389 2 3231 561
e-mail: lovre.ristevski@crimsoncapital.org